РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
Су.01 бр. 1/23
26.01.2023 год.
ВЕЛЕС



**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работата на Основен суд Велес**
**за 2022 година**

**Вовед**

Основен суд Велес во текот на 2022 година својата функција како првостепен стварно и месно надлежен суд со проширена надлежност, ја извршуваше согласно Законот за судовите.

Функцијата Претседател на судот ја извршуваше судијата Лидија Димова.

За заменик на Претседателот на судот беше определена судијата Габриела Гајдова.

Работата во Основен суд Велес беше организирана во два судски оддели: Кривичен и Граѓански судски оддел. За секој оддел Претседателот на судот определи претседатели на оддели и нивни заменици.

За Претседател на кривичен оддел беше определена судија Габриела Гајдова, а за заменик, судијата Аница Теова.

За Претседател на граѓанскиот оддел беше определен судијата Александар Шопов, а за заменик судијата Виолета Мојсова.

## 1. Работа по предмети

Во текот на 2022 година по предметите постапуваа 13 судии и тоа во кривичниот оддел 8 судии и во граѓанскиот оддел 5 судии.

Во граѓанскиот оддел по новопримени предмети постапуваа 5 судии и тоа: Виолета Мојсова, Наташа Мишева, Биљана Јачева, Валентина Петровска и Александар Шопов. Во текот на годината на судиите Виолета Мојсова, Наташа Мишева, Валентина Петровска и Александар Шопов им беа дадени во работа и прекршочни предмети од уписникот ПРК-С.

Судијата Наташа Мишева со решение на Судскиот совет на РСМ бр.10-11/35 од 13.12.2022 година времено беше оддалечена од вршењето на судиската функција во Основен суд Велес а со решение од Судскиот совет на РСМ бр.10-11/38 од 22.12.2022 година е разешена од вршењето на судиската функција. Решението не е конечно.

Во кривичниот оддел постапуваа 8 судии и тоа: Габриела Гајдова, Шефшет Адеми, Валентина Ѓорѓиевска, Аница Теова, Дејан Перчинковски, Емина Калач, Ангел Трипчев и Лорета Тодорова.

Од Кривичниот оддел судиите Габриела Гајдова, Шефшет Адеми, Валентина Ѓорѓиевска постапуваа по кривични предмети против полнолетни лица и во текот на годината постапуваа и по прекршочни предмети од уписникот ПРК-С. Судијата Аница Теова постапуваше по предмети од пртходна постапка и по предмети за извршување на санкции. Судиите Дејан Перчинковски и Емина Калач постапуваа по прекршочни предмети, а судиите Лорета Тодорова и Ангел Трипчев освен по прекршони предмети постапуваа и предмети од граѓанскиот оддел кои им беа останати во работа.

И во тектот на 2022 година судијата Дара Арсова судиската функција ја извршуваше во Основен суд Кавадарци, со Решение бр.02-294/2 од 23.02.2022 година на Судскиот совет на Република Северна Македонија, а судијата Бојанчо Донев судиската функција ја извршуваше во Основниот суд Неготино со Решение бр.02-1127/3 од 28.09.2022 година на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Работата на судот по предмети во текот на 2022 година е прикажана во следната табела:

| | Нерешени предмети | Ново примени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТС | 4 | 7 | 1 | | 8 | 12 | 10 | 2 |
| ТС1 | 9 | 8 | 1 | | 9 | 18 | 13 | 5 |
| МАЛВ-ТС | 2 | 6 | 1 | | 7 | 9 | 9 | |
| МАЛВПЛ1-ТС | 5 | 36 | 1 | | 37 | 42 | 34 | 8 |
| ПЛ1-ТС | 5 | 13 | 1 | | 14 | 19 | 15 | 4 |
| СТ | 72 | 21 | 2 | | 23 | 95 | 72 | 23 |
| СТ-ПЛ1-ТС | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| СТ-РО | 1 | | | | | 1 | 1 | |
| СТ-ТС | 20 | 1 | | | 1 | 21 | 18 | 3 |
| ***Вкупно трговски предмети*** | **118** | **93** | **7** | | **100** | **218** | **173** | **45** |
| П1 | 27 | 34 | 3 | | 37 | 64 | 40 | 24 |
| П3 | 1 | 9 | 1 | | 10 | 11 | 4 | 7 |
| П4 | 23 | 46 | 7 | 1 | 52 | 75 | 50 | 25 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| П5 | 3 | 7 | | | 7 | 10 | 8 | 2 |
| П2 | 43 | 187 | 5 | | 192 | 235 | 169 | 66 |
| РО | 118 | 399 | 35 | | 434 | 552 | 281 | 271 |
| МАЛВ-П | 47 | 169 | 12 | | 181 | 228 | 169 | 59 |
| МАЛВПЛ1-П | 4 | 21 | 4 | | 25 | 29 | 23 | 6 |
| ПЛ1-П | | 1 | 1 | | 2 | 2 | 1 | 1 |
| ***Вкупно парнични предмети*** | **266** | **873** | **68** | **1** | **940** | **1206** | **745** | **461** |
| РП | 1 | 9 | 1 | | 10 | 11 | 6 | 5 |
| РТС | 2 | 2 | | | 2 | 4 | 3 | 1 |
| ***Вкупно разни парнични предмети*** | **3** | **11** | **1** | | **12** | **15** | **9** | **6** |
| ППНИ | 2 | 67 | | | 67 | 69 | 68 | 1 |
| ИДС | | 9 | | | 9 | 9 | 9 | |
| ПИ | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| ИКП | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | |
| ***Вкупно извршувања*** | **2** | **78** | | | **78** | **80** | **79** | **1** |
| ВПП | 6 | 23 | | | 23 | 29 | 20 | 9 |
| ВПП1 | 5 | 16 | | | 16 | 21 | 9 | 12 |
| ВПП2 | | 68 | 1 | | 69 | 69 | 64 | 5 |
| РВПП | 1 | 6 | 1 | | 7 | 8 | 7 | 1 |
| ОДС | 1 | 5 | | | 5 | 6 | 4 | 2 |
| О | 5 | 299 | 1 | | 300 | 305 | 301 | 4 |
| О1 | 1 | 4 | | | 4 | 5 | 4 | 1 |
| ПСО | | 26 | 1 | | 27 | 27 | 26 | 1 |
| ПСО1 | 1 | | | | | 1 | 1 | |
| ЗАВ-Х | | 2996 | | | 2996 | 2996 | 2996 | |
| ЗАВ | | 11 | 1 | | 12 | 12 | 12 | |
| ЗАМ-С | 2 | 18 | | | 18 | 20 | 12 | 8 |
| ***Вкупно вонпроцесни предмети*** | **22** | **3472** | **5** | | **3477** | **3499** | **3456** | **43** |
| Нотари | 372 | 538 | 1 | | 539 | 911 | 587 | 324 |
| ***Вкупно граѓански оддел*** | **783** | **5.065** | **82** | **1** | **5.146** | **5.929** | **5.049** | **880** |

| | Нерешени предмети | Ново примени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **К** | **122** | **325** | **25** | | **350** | **472** | **365** | **107** |
| К-ООА | 6 | 45 | | | 45 | 51 | 48 | 3 |
| К-ПП | | 284 | | | 284 | 284 | 284 | |
| УОСК | | 8 | | | 8 | 8 | 8 | |
| ***Вкупно претходна постапка*** | **6** | **337** | | | **337** | **343** | **340** | **3** |
| КС | 1 | 49 | | | 49 | 50 | 50 | |
| КСП | | 41 | | | 41 | 41 | 40 | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КС-КР | 12 | 238 | 4 | 1 | 241 | 253 | 244 | 9 |
| КП | 2 | 12 | | | 12 | 14 | 13 | 1 |
| К-ПОВ | 1 | 19 | | | 19 | 20 | 18 | 2 |
| УО | 1 | 50 | | | 50 | 51 | 48 | 3 |
| ЕК | 1 | 2 | | | 2 | 3 | 2 | 1 |
| ***Вкупно кривичен совет*** | **18** | **411** | **4** | **1** | **414** | **432** | **415** | **17** |
| ЗАМ-К | 1 | 3 | | | 3 | 4 | 3 | 1 |
| КР | | 6059 | | | 6059 | 6059 | 6059 | |
| КМ | 13 | 13 | | | 13 | 26 | 17 | 9 |
| КРМ | 4 | 17 | | | 17 | 21 | 21 | |
| КСМ | | 26 | | | 26 | 26 | 24 | 2 |
| ***Вкупно кривични малолетни*** | **17** | **56** | | | **56** | **73** | **62** | **11** |
| ПРК-М | 80 | 242 | | | 242 | 322 | 180 | 142 |
| ПРК-Ј | 95 | 165 | 6 | | 171 | 266 | 188 | 78 |
| ПРК-С | 1356 | 3741 | 56 | 5 | 3792 | 5148 | 4245 | 903 |
| ПРК-О | 46 | 89 | 4 | | 93 | 139 | 100 | 39 |
| ПРК-Р | | 757 | | | 757 | 757 | 757 | |
| ПРК-ПОВ | | 12 | | | 12 | 12 | 7 | 5 |
| ***Вкупно прекршочни предмети*** | **1577** | **5006** | **66** | **5** | **5067** | **6644** | **5477** | **1167** |
| КУИКП | 44 | 204 | | | 204 | 248 | 208 | 40 |
| КУИКМ | | 16 | | | 16 | 16 | 16 | |
| ИПРК | 45 | 3421 | | | 3421 | 3466 | 3249 | 217 |
| ИКП | 116 | 246 | | | 246 | 362 | 261 | 101 |
| ИСАМ | | 2964 | | | 2964 | 2964 | 2888 | 76 |
| ИОИП | | 132 | | | 132 | 132 | 132 | |
| ПК | 1 | 4 | | | 4 | 5 | 4 | 1 |
| ***Вкупно извршување санкции*** | **206** | **6987** | | | **6987** | **7193** | **6758** | **435** |
| ***Вкупно кривичен оддел*** | **1.947** | **19.184** | **95** | **6** | **19.273** | **21.220** | **19.479** | **1.741** |

Работата на судот по предметите од судска управа за 2022 година е прикажана во следната табела:

| | Нерешени предмети | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ - СУ-07 | 6 | 938 | | 938 | 944 | 940 | 4 |
| СУ-ДОВ и СУ-СТР-ДОВ | | 12 | | 12 | 12 | 12 | |
| СУ-ИЗЗ | | 53 | | 53 | 53 | 53 | |
| УПП | | 5 | | 5 | 5 | 5 | |
| СПИ | 1 | 16 | | 16 | 17 | 17 | |
| ***Вкупно администра тивна работа*** | **7** | **1.024** | | **1.024** | **1.031** | **1.027** | **4** |

Состојбата на предмети во судот во Граѓански, Кривичен оддел и административна работа на судот (судска управа) за 2022 година е прикажана во следната табела:

| | Нерешени предмети | Новопримени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно предмети граѓански оддел | 783 | 5.065 | 82 | 1 | 5.146 | 5.929 | 5.049 | 880 |
| Вкупно предмети кривичен оддел | 1.947 | 19.184 | 95 | 6 | 19.273 | 21.220 | 19.479 | 1.741 |
| Вкупно судска управа | 7 | 1.024 | | | 1.024 | 1.031 | 1.027 | 4 |
| ***ВКУПНО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД*** | **2.737** | **25.273** | **177** | **7** | **25.443** | **28.180** | **25.555** | **2.625** |

Врз основа на податоците прикажани во последната табела, во текот на 2022 година судот успеа да го совлада приливот на предмети и да го намали остатокот за 112 нерешени предмети.

Споредбено, во Извештајната 2021 година е таква што во истата година видно беше зголемен приливот на предмети во Граѓанскиот оддел и во административната работа на судот (судска управа) и особено во невообичено зголемениот прилив на предмети од уписникот ПРК-С, во третото и четврто тромесечие што беше причина до да не може да се совлада приливот и се намали остатокот на нерешени предмети.

**Споредбените податоци со примени и решени предмети на ниво на суд во 2021 година се прикажани во следната табела:**

| | Нерешени предмети | Новопримени предмети | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно примени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно предмети граѓански оддел** | **857** | **4.537** | **96** | **4** | **4.629** | **5.486** | **4.703** | **783** |
| **Вкупно предмети кривичен оддел** | **1.320** | **14.246** | **118** | **8** | **14.356** | **15.676** | **13.729** | **1.947** |
| **Вкупно судска управа** | **3** | **1.044** | | | **1.044** | **1.047** | **1.040** | **7** |
| ***ВКУПНО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД*** | **2.180** | **19.872** | **214** | **12** | **20.029** | **22.209** | **19.472** | **2.737** |

Така, во почетокот на 2021 година судот остана со нерешени 2.180 предмети од преходната година, во текот на годината прими вкупно 20.029 предмети (со што во работа имаше вкупно 22.209 предмети) од кои реши 19.472 предмети и останаа нерешени 2.737 предмети, поради што судот не го совлада приливот за 557 предмети и не беше ажурен суд.

За разлика од 2021 година, судот 2022 година ја започна со остаток на 2.737 нерешени предмети, во текот на годината прими вкупно 25.443 предмети или 5.414 предмети повеќе од 2021 година ( со што во работа имаше вкупно 28.180) од кои со Годишниот распоред за работа на судот за 2022 и зголемениот ангажман на судиите и судските службеници беа решени 25.555 предмети (или 6.083 предмети повеќе од 2021 година) и судот успеа да го совлада приливот и го намали остатокот за 112 предмети нерешени предмети

Во текот на 2022 година постапено е и по вкупно 1.372 барања дека не е одземена деловна способност и не е одземено родителско право и издадени се 1.372 потврди кои се евидентирани во евидентна книга Р1, а се издавани согласно чл.224 од Судскиот деловник и не се прикажуваат како предмети во работа во месечните, тримесечните, шестомесечниот и годишниот извешај за работата на судот.

## 2. Човечки ресурси

Со одлука на Судскиот совет на РСМ од 26.11.2015 година, утврдено е судиската функција во Основен суд Велес да ја извршуваат 18 судии.

Во текот на 2022 година беа пополнети 16 судиски места, заедно со местото Претседател на судот. Со одлука на Судски совет на РСМ, во текот на цела 2022 година, еден судија беше делегиран во Основен суд Кавадарци и еден судија во Основен суд Неготино. Од 13.12.2022 година еден судија времено беше оддалечен од вршењето на судиската функција.

Во поглед на состојбата со вработени во судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Велес предвидени се вкупно 116 работни места, а на крајот на годината пополнети се 47 работни места.

Планирањето на нови вработувања е со Годишнен план за вработувања за 2022 година. Во 2022 година на судот му беа одобрени 3 вработувања и тоа: за 1 судски службеник за работно место Советник-информатичар и за 2 судски службеници за работно место Судски референт-дактилограф.Согласно одобрените финасиски средства за вработување во 2022 година, добиена во текот на месец декември, се објави јавен оглас и се поднесе барање за обнова на согласноста за вработување, истата да важи и во 2023 година. Постапката по јавниот оглас ќе продолжи во 2023 година.

Со Годишниот план беше одобрено и унапредување на 4 судски службеници и тоа 2 за работно место Виш судски соработник, 1 за работно место Самостоен судки референт-водител на писарница и 1 за работно место Судски референт-дактилограф. Постапката по интерниот оглс за унапредување беше завршена и 2 судски службеници од работно место Судски соработник беа унапредени во работно место Виш судски соработник, 1 судски службеник од работно место Виш судски референт-извршител во писарница беше унапреден во работно место Самостоен судки референт-водител на писарница и 1 судски службеник од работно место Помлад судски референт-извршител во писарница беше унапреден во работно место Судски референт-дактилограф.

За 2022 година на судот му беа одобрени средства за вработување на 4 судски службеници на определено работно време и тоа 2 за работно место Судски референт - дактилограф, 1 за работно место Помлад судски референт-извршител во писарница и 1 за работно место Помлад судски референт-доставувач. По објавен оглас склучени се договори за вработување на определено работно време од 01.03.2022 година до 31.12.2022 година со четири судски службеници и истите беа распоредени на работа согласно работните места.

Работата на судските службеници во рамки на одделите беше организирана во судски писарници.

- Во приемната писарница работеа двајца судски службеници од кој еден на скенирање на иницијални акти, поднесоци и евиденција на вратените доставници во АКМИС, а другиот на прием на писмена непосредно од странки и по пошта.
- Во рамки на Кривичниот оддел, во кривичната писарница беше распореден еден судски службеник кој постапуваше по кривични предмети против полнолетни лица, по предмети од уписникот КР-издавање уверенија, ја водеше казнената евиденција, постапуваше по предмети од претходна постапка, предмети од кривичен совет и предмети против малолетни лица. По предметите за извршување санкции постапуваше еден судски службеник. Во прекршочната писарница работеа три судски службеници од кои едниот го водеше и Контролникот за наплата на парична казна, трошоци и паушал.
- Во рамки на Граѓанскиот оддел, во граѓанската писарница беше распореден еден судски службеник, еден судски службеник во писарницата за платни налози и еден судски службеник во писарницата за трговски спорови, кој постапуваше и по оставински и вонпарнични предмети и издававање на потврди, согласно член 224 од Судскиот деловник, кои се заведуваа во АКМИС во евидентна книга Р1. Во 2022 годината издадени се вкупно 1.372 потврди дека не е одземено родителско право и дека не е одземена деловна способност.

На секој судија според Распоред за работа на вработените во судската служба за 2022 година му беше распореден стручен судски службеник, со тоа што во зависност од обемот на предмети во работа, дел од нив беа распоредени да работат со еден судија, а дел со двајца судии.

На секој судија според Распоред за работа на вработените во судската служба за 2022 година му беше распореден судски референт-дактилограф. По престаникот на работниот однос на дактилографи и во случај на отсуство на дактилографи од оправдани причини (боледување и сл.) се правеше посебен распоред со ротирање на дактилографите при што се водеше сметка да се обезбедат услови за одржување на закажаните расправи и рочишта.

Во текот на 2022 година доставата ја вршеа 4 судски доставувачи.

Во текот на годината во судот се постапуваше согласно Судскиот деловник и Внатрешните процедури за одделни процеси при управувањето со движењето на предметите и според месечните извештаи на Работното тело не е констатиран посериозен застој во движењето на предметите. Најголем застој во движењето на предметите имаше кај прекршочните предмети поради големиот прилив на предмети, но тој застој до крајот на годината се надмина.

Во месец февруари 2022 година заврши постапката за вработување по јавен оглас и по одобрените средства за вработување за 2021 година, беа вработени на неопределено работно време 2 судски службеници, 1 за работно место Самостоен референт-извршител во одделение за информатика од 14.02.2022 година и 1 судски службеник за работно место Помлад судски референт-извршител во писарница од 17.02.2022 година.

Од 01.04.2022 година од Министерство за одбрана беше превземен професионален војник за работно место Припадник на судската полиција.

За безбедносната состојба на зградата, вработените и предметите во судот, се грижеше судската полиција и тоа: Командир на судската полиција и 7 припадници на судската полиција кои се грижеа за безбедноста на вработените и странките во судот и ја обезбедуваа зградата 24 часа.

Во текот на 2022 година работниот однос им престана на 6 судски службеници и тоа:

- 1 судски службеник од работно место Судски соработник, со спогодба до 15.05.2022 година, поради избор за слушател на почетна обука во АСЈО.
- 1 судски службеник од работно место Раководител на одделение за информатика на 01.05.2022 година, поради исполнување услови за пензија со навршени 62 години
- 1 судски службеник од работно место Самостоен судски референт-водител на писарница на ден 04.05.2022 годиана, поради исполнување на услови за пензија .
- 3 судски службеници од работно место Судски референт-дактилограф на ден 13.01.2022 година, 02.02.2022 година и 20.09.2022 година сите поради исполнување на услови за пензија со навршени 62 години старост.

### 3. Усогласување на судска пракса

Во текот на 2022 година, редовно по истек на календарскиот месец се одржуваа седници на судии и седници на оддели на кои се донесуваа заклучоци, се заземаа ставови по одредени правни прашања од значење за функционирање на судот, на одделот и извршување на програмата за работа и прашања за невоедначена судска пракса во слични правни работи.

Во текот на годината одржани се вкупно 13 седници на судии на кои се разгледуваше работата на судот преку анализа на периодичните извештаи со посебен осврт на приоритетно решавање на старите предмети, усогласување на работата на одделите, давање мислења од надлежност на седницата на судии и за други прашања.

Во текот на годината беа одржани 13 седници на Кривичен оддел и не се донесени заклучоци.

Во текот на годината беа одржани 16 седници на Граѓанскиот оддел, на кои се донесен 3 (три) заклучоци и тоа:

- еден заклучок на седница одржана на ден 10.01.2022 година со кој се бара претседателот на судот да го извести Министерство за правда и Апелационен суд Скопје во врска со начинот на потврдување на правосилност и извршност на преиначени одлуки.

- на седница одржана на ден 07.03.2022 година донесен е заклучок за тоа дека на досудените трошоци странката нема право на камата и заклучок за висината на судската такса за поднесени предлози за издавање на привремена мерка пред започнување на парнична постапка.

Со годишниот распоред за работа за 2022 година, судијата Виолета Мојсова беше определена за Судија за судска практика, овластена да ја усогласува работата на судските оддели која се однесува на евиденција и проучување на судската практика во согласност со донесениот План за судска пракса, да ги следи објавените Билтени на судска пракса како и сите поединечни одлуки на повисоките судови по редовни и вонредни

правни лекови, да врши класификација по правни основи и евидентирање и објавување во електронска форма заради достапност до сите судии и стручни соработници во судот.

Во текот на 2022 година во судот немаше посета од Апелациониот суд Скопје и Врховен суд на РСМ.

На ден 22.12.2022 година во судот имаше посета од Работна група на Судскиот совет на РСМ, на која се вршеше увид во нерешени стари предмети и добивање непосредни информации од претседателот на судот за обемот на работа на судиите, застој во движењето на предметите, број на стари нерешени предмети, последната програма и Акциски план на нерешени стари предмети изготвени од судиите, како и со статистичките податоци за квантитетот и квалитетот на решавање на предмети..

Заради разгледување на актуелни прашања поврзани со работата на судот, во 2022 година Претседателот на судот одржа 1 работен состанок со сите нотари со седиште во Велес.

**4. Односи со јавноста**

Во Основен суд Велес со Годишен распоред за работа за 2022 година за портпарол на судот беше определена судијата Габриела Гајдова.

Во судот е организирана и Канцеларија за односи со јавноста со која во текот на годината постапуваше еден стручен судски службеник кој одговараше на поставените прашања на веб страната на судот.
Во текот на годината беше одговорено на 8 прашања на граѓани поставени на веб страната на судот. На прашањата веднаш е одговорено, а истите се однесуваа на информации за конкретни предмети и начинот на плаќање на судски такси.

Претседателот на судот и портпаролот на судот на барање на новинари даваа потребни изјави и одговори на поставени прашања за постапките по предмети и други прашања поврзани со работата на судот, а кои се од интерес за јавноста.

Прес-конференции во текот на 2022 година не беа одржани, а на веб страната на судот во текот на годината беа објавувани поважни известувања за странките и соопштенија за донесени одлуки по конкретни предмети кои беа од интерес на јавноста и медиумите, со цел нивно навремено и правилно информирање.

На веб страната на судот се објавуваа и податоци за организација на судот и работата на судиите по области, ажурирано согласно промените на Годишниот распоред за работа во текот на годината, така беа објавени вкупно 5 соопштенија за јавност.

По оценка на совети во кривични предмети или на судијата поединец, одобрувано е следење на главните расправи од страна на новинари со цел известување за текот на кривичните постапки за кои е заитересирана јавноста.

За постапување по барања поднесени согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за службено лице за посредување со информации од уписник СПИ беа определени два судкси службеници од работно место Судски советник, кои во текот на извештајната година постапиле по 17 предмети во рокови предвидени со законот, а податоците се обезбедувани од судските писарници, преку увид во списи на предмети и од податоци од програмот АКМИС. Од поднесените барања, позитивно е одговорено на 15 барања, 1 барање е делумно усвоено и 1 барање е отфрлено.

На веб страната на судот во текот на 2022 година објавени се 517 правосилни анонимизирани одлуки. Процедурата во програмот АКМИС за анонимизација и објавување на одлуките на веб страната на судот е поедноставена, но и понатаму одлуки од уписниците ПРК-С, ПРК-О, ПРК-Ј, ПЗ и МАЛВТС не постои опција овие предмети да се анонимизираат и објавуваат.

Во текот на годината практична настава извршуваа ученици од две средни училиштаи тоа ОСУ „Јовче Тесличков" и ССОУ „Коле Недлковски" и тоа како во текот на учебната година така и за време на летниот распуст.

Во текот на летниот распуст пракса во судот вршеше и еден студент од Факултетот за безбедност.

Со цел да се придонесе кон поголема отвореност на судот спрема јавноста, Европскиот ден на граѓанската правда 25-ти октомври 2022 година, беше одбележан со организирање на отворен ден за граѓаните и посета на судот на ученици и професори од средните училишта и претставници од локалните медиуми.

За време на посетата учениците имаа можност непосредно да се запознаат со организацијата и работата на судот, надлежноста во остварувањето на основните граѓански слободи и права, како и со процедурите на управување со движење на предметите во судот чија крајна цел е владеење на правото и ефикасна правда еднакво достапна на сите граѓани.

На учениците од Средното економско училиште Јовче Тесличков од Велес им беше овозможено да следат судење во предмети од кривична постапка, а потоа и да учествуваат во улога на судија, судија-поротник, обвинител, оштетен, обвинет и бранител на обвинетиот во симулирано судење за кривично дело „Убиство„ кое го водеше судијата м-р Габриела Гајдова.

Локалните медиуми ги следеа активностите во Основниот суд Велес и соодветно издаваа соопштенија за јавноста на своите веб портали.

Во текот на 2022 година судиите учествуваа на меѓународни конференции, обуки и студиски посети во странство и тоа:

На ден 01.03.2022 година од страна на судија Габриела Гајдова беше реализирано патување во Република Косово како странски експерт - предавач во рамки на Мисијата на ЕУЛЕКС на тема „Психолошко родово базирано насилство". Предавањето е реализирано во Грачаница во Р. Косово.

На 01 и 02.04.2022 година од страна на судија Габриела Гајдова беше реализирано патување во Бечиќи, Република Црна Гора, организирано од АИРЕ на тема „Родово базирано насилство".

Во месец септември 2022 година судија Александар Шопов врз основа на номинација од Академијата за судии и јавни обвинители, учествуваше на обука за обучувачи во организација на Европската правосудна мрежа, на тема „Вовед во концептот на обуки за судски вештини" која се одржа во Никозија, Кипар.

Во периодот од 19-21.04.2022 година судија Александа Шопов учествуваше како официјален претставник на Академијата за судии и јавни обвинители на Завршната конференција на ЈУФРЕКС 2 проектот на Советот на Европа и Европската Унија, која се одржа во Будва, Република Црна Гора.

Во периодот од 30.11.2022 година до 02.12.2022 година судија Валентина Ѓорѓиевска присуствуваше на Вториот регионален состанок за судска пракса што се однесува на огнено оружје-спорни правни прашања и подготовка на второто издание UNODC GFP Збирка на судска пракса на Западен Балкан во состав на делегацијата од РСМ. Настанот беше организиран од страна на Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал.

## 5. Информатичка технологија

Информатичката технологија во судот се користеше од судиите и судските службеници во сите фази на постапката.

Информатичката опрема со која располага судот ги задоволува потребите на судот и овозможува целосна примена на Судскиот деловник во однос на скенирање на поднесоците и формирање на електронско досие на предметот.

Во текот на 2022 година се вршеше скенирање на сите иницијални акти и поднесоци, со што се формира електронско досие на предметите. Со скенирањето и формирање на електронско досие се зголемува базата на АКМИС, па се јавува потреба податоците да се чуваат и на посебен сервер.

Извештаите за работата на судот и за работата на судиите, се изготвуваа од Апликација за извештаи, а врз основа на податоци од програмот АКМИС. Во однос на евиденцијата на примени и решени предмети, се постапуваше согласно Судскиот деловник и упатствата на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите.

Во судот во целост се користеше електронската достава преку која до странките корисници на електронско сандаче се доставуваа скенираните иницијални акти, поднесоци и одлуките од судот. Со електронската достава зголемена е ефикасноста, ажурноста и уредноста на приемот на доставените писмена и покани за рочишта. Во 2022 година преку електронска достава, беа доставни вкупно 10.439 писмена и покани.

Судиите, дактилографите, судските службеници во писарниците и стручните судски службеници, работните задачи ги извршуваа на компјутери, со тоа што секој од нив има свој компјутер. Сите судии, стручни судски службеници и дел од судските службеници имаа пристап на интернет.

Во текот на годината активно се ажуурираше веб страницата на судот на која покрај календарот на судења, се објавуваа и судските одлуки согласно законската обврска на судот, како, огласи и соопштенија за јавноста.

Писмената комуникација помеѓу Канцеларијата на Претседателот на судот и судиите во текот на 2022 година се одвиваше електронски на службените e-mail адреси.

Целокупната евиденција и сите извештаи се водеа и креираа единствено преку програмот АКМИС. Програмот АКМИС во текот на досегашната примена со надградбата и усвоените предлози за подобрување на неговото работење, покажа позитивни ефекти. Единствен проблем со кој се соочува судот е недостатокот на човечки ресурси, особено по престаноот на работниот однос на Раководителот на одделението за информатика, по што софтверот, одржувањето на компјутерите, печатарите и опремата за тонско снимање, ја врши еден судски службени Самостоен референ-извршител во одделение за информатика.

За техничките проблеми кои се јавуваат при постапувањето по предметите или при креирање на извештаи во програмот АКМИС, се бараше помош и подршка од ЕДУСОФТ.

Во судот се користи и апликација за тонско снимање на рочишта „СРС ФЕМИДА“ која е инсталирана во три судници и се користи од судиите од граѓанскиот оддел кои постапуваат по предмети согласно Законот за парничната постапка и согласно распоред на судници по денови и судии.

Сметководственото работење во судот се врши од еден судски службеник преку АБМС системот во кој се води и магацинското работење, а кој истовремено ја врши

работата и на благајник во судот. Раководителот на одделението за информатика, до престанокот на работниот однос, беше вклучен и во давање помош при работењето и на овој систем.

Одржувањето на компјутерите и печатарите во текот на 2022 година се вршеше со нивно сервисирање и поправки.

Во 2022 година, преку група јавна набавка спроведена од Судски совет на РСМ, за судот беа набавени и доставени 8 пресонални компјутери, 6 печатари и 2 скенери, а преку група јавна набавка спроведена од Врховен суд на РСМ беа набавени и доставени 2 сервери.

### 6. Опременост и одржување на зградата на судот

Во зградата на Основен суд Велес, на вториот кат се сместени Основното Јавно обвинителство на кое се отстапени 9 простории, а на Државното правобранителство 3 простории на користење. Сметките за потрошена електрична енергија за просториите кои ги користи ОЈО Велес се исплаќаат од нивни средства, имаат сопствено електрично броило, додека останатите трошоци, за вода и греење ги подмирува судот затоа што сеуште не се согласни да се склучи договор за подмирување на обврските за просторот кој го користат. Државното правобранителство со Основен суд Велес има склучено Договор според кој по доставена фактура од страна на судот ги исплаќаат трошоците за електрична енергија, вода и греење за просториите кои ги користат.

Зградата во која работи судот е реновирана и е во добра состојба. Сите простории се опремени со мебел, а реновирани се и архивите во кои се сместени метални плакари. Во архивите и во ходникот се поставени подни плочки.

Секоја просторија во судот има клима-уред, судниците се современо опремени а во три судници е инсталиран систем за тонско снимање.

Судиите и судската администрација своите работи и работни задачи ги извршуваат во просторни услови кои ги задоволуваат стандардите. Секој судија има своја канцеларија, а по двајца стручни судски службеници се сместени во една канцеларии. Шалтерите се опремени со мебел и опрема која ги задоволува потребите на службениците кои работат во нив. Дактилографите се сместени во простории со мебел кој ги задоволува нивните потреби и имаат компјутери и печатари кои придонесуваат за поажурно администрирање со предметите.

Расправите и рочиштата по предметите се одржуваа во осум опремени судници. Сите судии расправите и рочиштата ги одржуваат во судница по распоред за користење на судниците донесен од Претседателот на судот.

За безбедносната состојба на зградата, вработените и предметите во судот се грижеше судската полиција и тоа: Командирот на судската полиција и седум судски полицајци кои ја обезбедуваа зградата во текот на 24 часа. Обезбедувањето беше вршено преку метал-детектор врата и 16 видео-камери.

Предметите по кои се постапува се чуваат во судските писарници и во канеларииte на судиите во ормани, кои на крајот од работното време се заклучуваат. Архивираните предмети се чуваат во метални ормани во архивите што се сместени во подрумските простории.

Во судот има доволен број на противпожарни апарати и хидро систем за гасење на пожари кои се одржуваат согласно стандардите.

**7. Јавни набавки**

Согласно Годишниот план за јавни набавки за 2022 година, врз основа на одобрените средства со Буџетот на Основен суд Велес за 2022 година беа планирани и спроведени три (3) постапки по огласи за јавни набавки на ЕСЈН и тоа:

1. За набавка на тонери беа планирани средства во износ од 300.000,00 денари без ДДВ или износ од 354.000,00 денари со ДДВ за четири дела и тоа за дел 1 тонери за принтери трговска марка HP, дел 2 тонери за принтери трговска марка Lehmark, дел 3 тонери за принтери трговска марка Herox и дел 4 тонери за фотокопир трговска марка RICOH, за кој износ е склучен договор за сите делови со ДППУ МАГ-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз од Велес, а исплатена е сума во износ од 289.545,00 денари со ДДВ од страна на Основен суд Велес.

2. За набавка на електрична енергија беа планирани средства во износ од 2.000.000,00 денари без ДДВ или износ од 2.360.000,00 денари со ДДВ. Договорот е склучен на износ од 1.621.941,38 денари без ДДВ или износ од 1.913.890,83 денари со ДДВ со ДПТУ МИСТ ЕНЕРЏИ ЕКО ДООЕЛ Скопје, а исплатена е сума во износ од 744.861,00 денари со ДДВ од страна на Основен суд Велес заклучно со 30.11.2022 година.

3. За набавка на нафта за греење беа планирани средства во износ од 1.200.000,00 денари без ДДВ или износ од 1.416.000,00 денари со ДДВ, за кој износ е склучен договор со ДПТУ ДАДИ ОИЛ ДООЕЛ Јакимово, Виница. Исплатена е сума во износ од 772.000,00 денари со ДДВ од страна на Основен суд Велес, а треба да се доплати уште износ од 597.600,00 денари, за испорачани 18.000,00 литри нафта. Разликата помеѓу планираните средства, цената според склучениот договор и цената при набавките за исплата на договорот, произлегуваат од цената на нафтата која е променлива според одлуки на Регулаторната комисија за енергетика во моментот на планирањето, склучувањето на договорот и реализација на набавката.

Во текот на годината од одобрените средства со Буџетот на Основен суд Велес за 2022 година, беа донесени 22 одлуки за набавки чија проценета вредност без ДДВ, не е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги односно 5.000 евра во денарска противвредност за следните работи:

1. За технички преглед и одржување и сервисирање на хидраулична платформа-лифт, исплатена е сума во износ од 12.980,00 денари, од кои на ИТИ износ од 5.900,00 денари, а на СЕЗАЛ износ од 7.080,00 денари.

2. За набавка на печатарски услуги, исплатена е сума во износ од 70.797,00 денари.

3. За набавка на канцелариски материјали, исплатена е сума во износ од 70.797,00 денари.

4. За набавка на компјутерски материјали за одржување на компјутерите, исплатена е сума во износ од 16.200,00 денари.

5. За набавка на материјали за одржување на зградата и опремата, исплатена е сума во износ од 61.845,00 денари.

6. За набавка на средства за хигиена, исплатена е сума во износ од 68.968,00 денари.

7. За набавка на онлајн пристап до Академика-електронска збирка на важечки прописи во РСМ, исплатена е сума во износ од 13.032,00 денари.

8. За набавка-Осигурување од автоодговорност со осигурување на возач и 4 патника и целосно каско осигурување (без франшиза) на службено патничко моторно возило PEUGEOT 308 1.6 HDI, исплатена е сума во износ од 20.254,00 денари.

9. За набавка-поправка и сервисирање на службено патничко моторно возило PEUGEOT 308 1.6 HDI, исплатена е сума во износ од 4.640,00 денари.

10. За набавка и сервисирање на противпожарни апарати, исплатена е сума во износ од 14.278,00 денари.

11. За набавка-поправка и сервисирање на клима уреди, исплатена е сума во износ од 51.550,00 денари.

12. За набавка на услуга -здравствени прегледи на 70 вработени лица, исплатена е сума во износ од 58.000,00 денари.

13. За набавка на Дизел гориво- ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е V), исплатена е сума во износ од 41.070,00 денари.

14. За набавка -поправка на системот на камерите за видео надзор, исплатена е сума во износ од 6.513,00 денари.

15. За набавка - поправка и сервисирање на печатари, компјутерска опрема, скенери и фотокопери, исплатена е сума во износ од 24.741,00 денари.

16. За набавка -обнова на регистрација на доменот osveles.mk, исплатена е сума во износ од 472,00 денари.

17. За набавка-склучување полиса за осигурување за основните средства, исплатена е сума во износ од 12.024,00 денари.

18. За набавка на токен за квалификуван сертификат, исплатена е сума во износ од 4.056,00 денари.

19. За набавка на -превентивна дезинсекција на судската зграда заради појава на штетни инсекти, исплатена е сума во износ од 7.500,00 денари.

20. За набавка на знаме на РСМ печатено фул колор со димензии 120x240 см, исплатена е сума во износ од 3.540,00 денари.

21. За набавка на новогодишни честитки, исплатена е сума во износ од 2.000,00 денари.

22. За набавка на календари, исплатена е сума во износ од 2.065,00 денари.

Прикажаните износи на исплата на овие набавки од страна на Основен суд Велес, се со вклучен ДДВ.

Со одлука на Судскиот буџетски совет за спроведување на групни јавни набавки за 2022 година, кои беа предвидени во Годишниот план за јавни набавки на Основен суд Велес за 2022 година, беа спроведени 4 групни јавни набавки и тоа:

- преку Апелациониот суд Скопје, беше спроведена една групна јавна набавка:

1. За хартија за печатење и фотокопирање по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 194.276,00 денари од страна на Основен суд Велес.

- преку Врховниот суд на РСМ, беше спроведена една групна јавна набавка и тоа:

1. За сервери по основ на склучен анекс-договор во 2022 година, исплатена е сума во износ од 1.314.684,00 денари од страна на Основен суд Велес.

- преку Судскиот совет беа спроведени три групни јавни набавки и тоа:

1. За мобилна телефонија по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 73.969,00 денари од страна на Основен суд Велес.

2. За користење на интернет услуги по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 242.150,00 денари од страна на Основен суд Велес.

3. За информатичка опрема - дигитализација на правосудството по основ на склучен анекс-договор, исплатена е сума во износ од 488.880,00 денари од страна на Основен суд Велес.

Претседател на Основен суд Велес
Лидија Димова

Прилог:

ТАБЕЛА
на вработени во судска служба со состојба 2022 година

| Работно место | Предвидени работни места по Правилникот | Пополнето раб. место на почеток на 2022 г | Пополнето во 2022 год. | Унапредување | Распоредување | Упразнето (пензија и др.) | Број на вработени на крај на 2022 год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Раководни судски службеници** | | | | | | | |
| Судски администратор | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Раководител на стручно -правна служба | 1 | | | | | | |
| Раководител на административно-техничка служба | 1 | | | | | | |
| Раководител на оддел-граѓански | 1 | | | | | | |
| Раководител на оддел-кривичен | 1 | | | | | | |
| Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 | | | | | | |
| Раководител на одд. за материјално-финансико работење | 1 | | | | | | |
| Раководител на одделение за информатика | 1 | 1 | | | | 1 | - |
| **Вкупно:** | **8** | **2** | | | | **1** | **1** |
| **Стручни судски службеници** | | | | | | | |
| Виш судски советник | 2 | | | | | | |
| Судски советник | 3 | 3 | | | | | 3 |
| Виш судски соработник | 5 | 1 | | 2 | | | 3 |
| Судски соработник | 10 | 7 | | -2 | | 1 | 4 |
| Помлад судски соработник | 2 | 1 | | | | | 1 |
| Советник-информатичар | 1 | | | | | | |
| Соработник-преведувач | 1 | | | | | | |
| **Вкупно:** | **24** | **12** | | | | **1** | **11** |
| **Помошно -стручни судски службеници** | | | | | | | |
| Самостоен судски референт-водител на писарница | 8 | 2 | | 1 | | 1 | 2 |
| Самостоен судски референт-прием и експедиција на пошта | 1 | | | | | | |
| Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Самостоен судски референт-тех.секретар на судскиот администратр | 1 | | | | | | |
| Самостоен судски референт-координатор на дактилобиро | 1 | - | | | | | - |
| Самостоен референт-сметководител | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Самостоен референт-извршител во одделен. за информатика | 1 | - | 1 | | | | 1 |
| Виш судски референт-благајник | 1 | | | | | | - |
| Виш судски референт -извршител во писарница | 8 | 4 | | -1 | | | 3 |
| Виш судски референт-архивар | 1 | | | | | | - |
| Виш судски референт-економ | 1 | | | | | | - |
| Судски референт-извршител во писарница | 8 | | | | | | - |
| Судски референт-дактилограф | 18 | 11 | | 1 | | 3 | 9 |
| Помлад судски референт-извршител во писарница | 8 | 4 | 1 | -1 | 1 | | 5 |
| Помлад судски референт-доставувач | 8 | 4 | | | -1 | | 3 |
| **Вкупно:** | **67** | **27** | **2** | | | **4** | **25** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Судска полиција** | | | | | | | |
| Командир на судската полиција | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Заменик комндир на судската полиција | 1 | | | | | | |
| Судска полиција | 8 | 6 | 1 | | | | 7 |
| **Вкупно:** | **10** | **7** | **1** | | | | **8** |
| **Вработени за технички работи** | | | | | | | |
| Хаус мајстор | 1 | 1 | | | | | 1 |
| Возач | 1 | | | | | | |
| Оператор на телефонска централа | 1 | | | | | | |
| Одржувач на хигиена | 4 | 1 | | | | | 1 |
| **Вкупно:** | **7** | **2** | | | | | **2** |
| **ВКУПНО ВРАБОТЕНИ** | **116** | **50** | **3** | | | **6** | **47** |